*Министерство за финансии*

*Национален Фонд*

# *Информација во врска со ефективното функционирање на системот за управување и контрола со ИПАРД*

## *СОДРЖИНА:*

1. Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД 2014- 2020;

Системот за индиректно спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 (мерка 1, 3, 7 и 9) беше доверен со потпишувањето и стапувањето на сила на Финансиската спогодба за ИПАРД 2014-2020, во јуни 2017 година.

Во 2020 година, беа направени понатамошни подобрувања на Прирачниците за работа на ИПАРД Агенција. Имено, Верзија 2.1 (Сектор за одобрување на проекти) беше одобрена во насока да го забрза процесот на склучување на договори и реализација на договорите и да го намали товарот од многу барања во исто време во фаза на плаќање, што исто така ќе влијае на намалување на ризикот од губење на средства. Оваа измена ќе овозможи соодветните апликанти во рамки на расположливиот буџет согласно нацрт ранг листата да потпишат договори пред финализирање на проценката на сите соодветни проекти од истиот јавен повик. Измените на Прирачникот за работа на ИПАРД Агенција (верзија 2.1) беа квалификувани како помали измени и одобрени од НАО на 13 Април 2020 година.

Дополнително, како резултат на КОВИД-19 епидемијата и земајќи во предвид потребата од примена на превентивни мерки беше одобрен исклучок од одобрените внатрешни постапки за работа на ИПАРД Агенција во делот за контрола на лице место пред потпишување на договор. Одобрениот исклучок се однесува само на набавка на земјоделска опрема и приклучна механизација во рамки на барањата за финансиска поддршка од јавен повик 01/2020 година, каде контролите на лице место пред одобрување нема да се спроведуваат, но сите контроли (комплетност, соодветност, минимум потребни капацитети итн.) ќе се спроведат административно преку расположливите бази на податоци (Фарм регистар, ВИС-АХВ, Катастар,СИЗП).

Согласно Уставот на РСМ, во вонредна состојба, Владата има право да носи Уредби со правна сила. Во оваа насока, на 9 Април 2020 година Владата донесе Уредба со законска сила за примена на законот за основање на АФПЗРР за време на вонредна состојба. За време на вонредната состојба важеа одредбите од оваа Уредба со законска сила. Според оваа Уредба:

- Роковите определени согласно Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за одлучување по барањата за одобрување на финансиска поддршка и исплата на финансиска поддршка, за склучување на договори за финансиска поддршка, намалување на финансиска поддршка поради неисполнување на договорни обврски од договорите за финансиска поддршка, за дополнување или дообјаснување на барањата за финансиска поддршка, за роковите за реализација на инвестициите предмет на договорите за финансиска поддршка, извршувањето на контроли на лице место на договорите за финансиска поддршка кои истекуваат или ќе истечат за време на траењето на вонредната состојба

се одложуваат, и се продолжуваат за 60 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.

- Роковите определени во договорите за финансиска поддршка за реализација на инвестицијата предмет на договорот престануваат да течат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат да течат по истекот на траењето на вонредната состојба но само за онолку денови колку што престанале и тоа од денот на истекот на траењето на вонредната состојба.
- Роковите за доставување на барања за финансиска поддршка определени во јавниот повик за доставување на барања за финансиска поддршка по ИПАРД Програмата 2014-2020 се одложуваат за време на траењето на вонредната состојба и продолжуваат да течат по престанок на траењето на вонредната состојба.

Во понатамошниот дел се претставени активностите преземени од структурите на ИПАРД за подобрување на функционирањето на системот за индиректно управување.

***<u>Верификациски посети</u>***

Одделението за поддршка на Националниот координатор за авторизација (НАО) во рамките на Годишниот план за верификациски посети за 2020 година, имаше испланирано три посети.

Првата верификациска посета беше спроведена врз имплементацијата на мерката Техничка помош и Конечниот извештај беше издаден во Април 2020 година.

Верификациската посета за административна проверка на проекти пред склучување на договори од Мерка 3 од јавниот повик 01/2018 започна во Октомври 2020 година. Со оваа верификациска посета ќе бидат проверени проекти во износ од 1.055.235,83 ЕУР во рамки на јавниот повик 01/2018, што претставува 12% од вкупно склучениот износ од оваа мерка.

Третата верификациска посета согласно планот ќе се спроведе врз имплементација на одобрениот исклучок за користење на алтернативни средства за контрола на лице место пред склучување на договори и ќе започне во декември 2020 година. Очекуваниот период за завршување на оваа посета е почеток на 2021година.

Годишниот план за верификациски посети за 2021година, согласно процедурите ќе се изготви до крајот на јануари 2021година.

## 1. *<u>Следење на спроведувањето на ревизорските препораки</u>*

### (а) Внатрешна Ревизија

Оперативните структури за имплементација на ИПАРД беа предмет на внатрешната ревизија во текот на 2020одина од страна на Секторите/Одделенијата за Внатрешна Ревизија во рамките на секоја институција.

Сектор за управување со средствата од инструментот за пред-пристапна помош - ИПА

Согласно Годишниот план за спроведување на Внатрешната Ревизија за 2020година од Секторот за внатрешна ревизија беше планирана и реализирана една ревизија во Сектор за управување со средствата од инструментот за пред-пристапна помош - ИПА која се однесуваше на системот на внатрешни контроли на процесите на изјава за гаранција и известување на нерегуларности. Главниот наод од оваа ревизија е за необезбеден оптимален број на човечки ресурси за ефективно и ефикасно спроведување на работните активности.

*ИПАРД Агенција*

Годишниот план за ревизија за 2020 година на Секторот за внатрешна ревизија во ИПАРД Агенцијата предвидува 11 (единаесет) ревизорски активности, од кои 5 (пет) ревизии за процеси од ИПАРД 2014-2020 и еден ревизорски ангажман во однос на акредитацијата на нови мерки .

Во текот на 2020 година од горенаведените 6 (шест) ревизии во текот на процесите од ИПАРД 2014-2020 година, завршени се три ревизии (follow up - ревизија за следење на имплементација на препораките, ревизија на склучени договори од мерка 1 и ревизија на склучени договори од мерка 3) и две ревизии се во тек (ревизија на спроведените контроли на лице место пред исплата, ревизија за извршени плаќања).

*Тело за управување со ИПАРД*

Годишниот план за ревизија за 2020 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство предвидува еден ревизорски ангажман врз работата на Одделението за програмирање. Ревизијата е започната на почетокот на октомври 2020 година и истата е во тек.

**(б) Извештаи од Ревизорско тело**

Ревизорско тело за ревизија на ИПА во текот на 2020 година ги издаде Годишниот ревизорски извештај и Годишното ревизорско мислење за 2019 година.

Со Годишното ревизорско мислење изразено е неквалификувано мислење во однос на веродостојноста на годишните финансиски извештаи или изјави / годишни сметки. Ревизорите изразија неквалификувано мислење со акцент на прашањето за законитоста и регуларноста на расходите и функционирањето на системите за управување и контрола со внимание на: недостаток на супервизија во процесот на одобрување на плаќање, погрешна пресметка на соодветните средства

за кофинансирање, немање на политика за задржување на вработените и задоцнети плаќања.

Во табелата подолу се дадени наодите од Годишниот ревизорски извештај за 2019 година за имплементација на ИПАРД II Програмата:

| | Висок | Среден | Низок | Вкупно | Затворени наоди 10.11.2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| НАО/МС | / | 1 | 2 | 3 | 1 |
| ТУ | / | 2 | 2 | 4 | 2 |
| ИПАРД Агенција | 8 | 7 | 1 | 16 | 7 |
| Вкупно: | | | | 23 | 10 |

Во однос на отворените наоди од извештаите на РТ, НАО во координација со оперативната структура на 27 Април 2020 година изработи Акциски план со рокови и одговорности за спроведување на препораките и надминување на наодите.

Со ажурираниот акциски план четири наоди во врска со ИПАРД Агенцијата се затворени седум наоди со висок ризик кои се поврзани со доплата кон двајца крајни корисници кои беа помалку исплатени и издавање на Решенија за поврат на средства за пет крајни корисници. Исто така, затворени се два наоди за ТУ за ex-post евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013 и процедурите за подготовка на Мониторинг табелите и еден наод за УС во однос на доцнења во префрлувањето на средства. Соодветно, вкупната реализација на наодите е 43,5%.

## <u>*3. Контрола на административните капацитети на оперативната структура*</u>

<u>Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА (Управувачка структура)</u>

Согласно Анализа за обем на работни места за 2020 година, оптималниот број на вработени во Секторот е 19 (вклучувајќи го и НАО).

Во Јануари 2020 година преку интерно унапредување пополнети се позициите Раководител на Одделение НФ и Раководител на Одделение НАОСО.

Во текот на 2020 година, двајца сметководители и Помошник раководител на УС се прераспределени во други сектори во рамки на Министерство за финансии  и едно лице вработено во Министерство за финансии е интерно прераспределена во УС. Моменталниот број на вработени во УС е 15 вработени (вклучувајќи ја НАО)

*ИПАРД Агенција*

Анализата за обем на работа на ИПАРД Агенција ги опфаќа активностите за петте мерки од ИПАРД Програмата, односно четири мерки за кои е добиено индиректно управување и една нова мерка за Инвестиции во јавна рурална инфраструктура, која е во фаза на акредитација (погледни во делот 4).

Согласно Анализата за обем на работа за 2020 година оптималниот број на вработени во ИПАРД Агенцијата е 158.

Во текот на 2020 година, ИПАРД структурата во АФПЗРР се зголеми за 12 вработени ( шест нови административни службеници од вработувањето што започна во Ноември 2019 година, пет нови времено вработени и едно лице е префрлено да работи во ИПАРД структура) и во исто време е намалена за 6 вработени ( три лица од времено вработените и тројца од вработените на неопределено време кои работат на ИПАРД). Моменталниот број на вработени кои се ангажирани на прашања поврзани со ИПАРД во Агенцијата, заклучно со 11 Ноември 2020, изнесува 123. Земајќи го во предвид моменталниот број на вработени, стапката на пополнетост на работните места согласно Анализата за обем на работа за 2020 е 78%.

*Тело за управување со ИПАРД*

Согласно Анализата за обем на работа (АОР) за 2020 година оптималниот број на вработени во Телото за управување со ИПАРД е 19.

Во текот на 2020 година не е реализирано ново вработување / унапредување. Поради КОВИД 19 пандемијата не се планирани понатамошни активности.

Моменталниот број на вработени во Телото за управување со ИПАРД е 14 (вклучувајќи го и Раководителот на ТУ)

Во табелата подолу се дадени податоци во однос на човечките капацитети заклучно со 11 Ноември 2020:

| Институција | Број на вработени на 31.12.2019 | Потребен број на вработени согласно АОР 2020 | Потребен број на вработени согласно АОР 2021 | Реализиран и нови вработувања до 11.11.2020 | Напуштен и позиции до 11.11.2020 | Моментален број на вработени | Стапка на пополнетос т | Стапка на обрт на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАО/НФ | 17 | 19 | 19 | 1 | 3 | 15 | 79% | 17.65% |
| ИПАРД Агенција | 117 | 158 | 151 | 12 | 6 | 123 | 78% | 5.13% |
| Тело за управување | 14 | 19 | 17 | 0 | 0 | 14 | 74% | 0.00% |
| Вкупно | 148 | 196 | 187 | 13 | 9 | 152 | 77% | 7,59% |

*со WLA 2020, Секторот за Анализа е вклучен во ИПАРД структурата и со тоа 3 вработени од овој Сектор се додадени на бројот на вработени заклучно со 31.12.2019 година

Догласно Консолидиранаата Анализа за обем на работа за 2021 година оптималниот беој на вработени потребни во ИПАРД Агенција е 151, во ТУ 17 и во УС 19 или вкупно 187 вработени. Во моментот на подготовка на оваа анализа обемот на работа е 77%.

## *4. Акредитација на нови мерки во рамки на ИПАРД Програмата*

Барањето за пренесување на право за индиректно управување (акредитација) со мерката Инвестиции во рурална јавна инфраструктура од ИПАРД II Програмата беше доставено од страна ан НАО до ЕК на 13 ноември 2018 година.

Националната управувачка и оперативна структура во координација со министерот за МЗШВ се согласија дека заради ограничениот број на човечки ресурси, фокусот на моменталните вработени да биде во спроведувањето на веќе акредитираните мерки, додека да се обезбеди оптимален број на вработени за имплементирање на новата мерка.

Ова прашање беше дискутирано на ИПАРД координативните состаноци помеѓу ИПАРД структурите и ДГ АГРИ.

## *5. Финансиски менаџмент*

Заклучно со 11-ти ноември 2020 година исплатите од ИПА средства изнесуваат:

- 3.6 милиони евра во 2020 година
- 13.6 милиони евра вкупно од почетокот на имплементацијата на програмата.

Вкупно деклариран износ (Д1 форма) на ИПА средства во 2020 година

- за К1, К2, и К3 во износ од 3.1 милион евра
- за К4 се очекува износ од 1.5 мил евра

### Пресметка на губење на средства за 2020 година

При определувањето на потенцијалниот ризик за губење на одобрените средства како претпоставки се земени во предвид следниве инпути:

| **V компонента<br>Пресметка на потенцијалниот ризик од губење на средства согласно правилото н+3** | | |
|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Референца** | **ИПАРД средства €** |
| 1. | Финансиски алокации 2017 | 6,000,000.00 |
| 2. | Добиени средства како пред-финансирање | 5,400,000.00 |
| 3. | Обезбедени средства од 2019 | 1,321,620.11 |
| 4. | Деклариран износ 2020 (со К3 2020) | 3,081,272.26 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Планиран износ за декларирање во К4/2020<br>- исплатени до 11 ноември 2020 - 555,469.02 евра<br>- дополнително да се исплатат до крај на 2020 – 1,000,000 евра | 1,555,469.02 |
| **6=2+3+4+5-1** | **Нема губење на средства на крајот на 2020** | **5,358,361.39** |

Земајќи ја во предвид калкулацијата во прилог, нема потенцијален ризик од губење средства на крајот на 2020 година. Обезбедени средства од 2020 година се очекува да бидат 5,358,361.39 евра.

**<u>Пресметка на губење на средства за 2021 година</u>**

При определувањето на потенцијалниот ризик за губење на одобрените средства во 2021 година како претпоставки се земени во предвид следниве инпути:

| **V компонента<br>Пресметка на потенцијалниот ризик од губење на средства согласно правилото н+3** | | |
|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Референца** | **ИПАРД средства €** |
| 1. | Финансиски алокации 2018 | 10,000,000.00 |
| 2. | Обезбедени средства од 2020 | 5,358,361.39 |
| 3. | Планирано да се исплати во 2021 | 11,091,390.66 |
| **4=2+3-1** | **Нема губење на средства на крајот на 2021** | |

Земајќи го во предвид погоре наведеното, не постоти ризик од губење на средства на крајот на 2021.